# РОД И КОРУПЦИЈА: ШТО ЗНАЕМЕ?

Труд за расправа

Organization for Security and Co-operation in Europe

WIN – Women & Men Innovating & Networking for Gender Equality

# СОДРЖИНА

Резиме....4

Заднина....5

Вовед....6

Концепти....7

Преглед на различните форми на корупција....8

Жени во Собрание - антикорупциска сила или мит за чистота? Потеклото на истражувањето за родовите и корупцијата....9

Која улога може да ја играат жените во антикорупцијата?....12

Какви се диференцијалните ефекти на корупцијата врз мажите и жените?....13

Врските меѓу сиромаштијата и корупцијата....14
- Пристап до услуги....15
- Образование....16
- Вработување....16
- Конфликт и кризи....17
- Миграција....18
- Малцински групи....18
- Земјиште и природни ресурси....19

Дали мажите и жените искусуваат различните форми на корупција? Улогата на секснудувањето....21

Заклучоци и препораки....23
    Добри практики во најава....23
    Препораки за извршните структури на ОБСЕ....25

Библиографија....27

Академски преглед и придонес:
**д-р Ортрун Меркле**
истражувач при Универзитетот во Маастрихт и Универзитетот на Обединетите Нации МЕРИТ,
со седиште во Маастрихт, Холандија

Целокупна координација и надзор:
**Силви Братен, Амарсанаа Дарисурен, Џулија Секи**
ОБСЕ/Секретаријат, Програма за родови прашања, Канцеларија на Генералниот Секретар

Рецензија:
**Амарсанаа Дарисурен**

equality@osce.org
www.osce.org/secretariat/gender

---

© OSCE 2021

ОБСЕ вложи огромна грижа во развојот на оваа публикација. Сепак, не прифаќа одговорност за точноста и целокупноста на дадените информации, упатства и совети, ниту за грешки настанати при печатењето. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изразени овде не мора да ја одразуваат официјалната политика или позицијата на ОБСЕ.  Од овие причини, кон ОБСЕ не може да има побарувања во однос на потенцијални последици од потпирањето на информации или заклучоци содржани во оваа публикација.

# РЕЗИМЕ

Корупцијата претставува злоупотреба на моќ за лична корист, а нејзиното влијание е далекусежно во смисла на забавување на економскиот раст, пренасочување на средства од есенцијалната инфраструктура и поткопување на јавната доверба. Долго време корупцијата се сметаше за „родово-неутрална“ тема, но сè повеќе внимание се дава на фактот дека жените и мажите имаат изречно различни искуства со корупција.

Раната академска литература на прагот помеѓу родот и корупцијата се фокусираше на очигледната поврзаност помеѓу поголемата застапеност на жените во политиката со пониското ниво на корупција во одредени држави. Неколку студии развија теории за тоа дали жените имаат поразличен став од мажите во однос на корупцијата (дали жените се помалку склони кон корупција?) или дали институционалните фактори ги ограничуваат шансите на жените да се вклучат во корупција (дали бариерите и препреките кои ги спречуваат жените да учествуваат во политиката се впрочем истите бариери кои им оневозможуваат да учествуваат во корумпираните мрежи?).

Применувањето на родовата перспектива кај корупцијата во поширок контекст укажува дека жените и мажите се изложени на корупција до различен степен, а и дека самата корупција има родов импакт. Различните улоги и одговорности на мажите жените во општеството значи дека во некои сфери мажите се во ризик да потпаднат под корупција (на пример, како најголем дел од сопствениците на бизниси или неформалните работници). Но, бидејќи жените имаат тенденција да имаат поголема интеракција со јавните услуги, тие се изложени на други форми на корупција (на пример, корумпирани практики поврзани со давање здравствени услуги или во образованието).

Родовата нерамнотежа на моќта и ресурсите исто така значи дека мажите и жените поинаку го чувствуваат директното или индиректното влијание на корупцијата. Жените се во поголем ризик од сиромаштија, па така може да не добијат услуга, ако одбијат да платат под маса. Жените мигранти, интерно раселените лица и бегалците се во ризик од корупција поради нивната ранлива положба. Повеќекратната дискриминација, како онаа која се заснова и на род и на малцински статус, исто така го зголемува ризикот да се биде мета на корупттивни практики.

Жените се соочуваат со специфични форми на корупција, како сексуално изнудување во замена за корист (заб.прев.: кованица „секзнудување (англиски: sextortion)“. Оваа родова форма на корупцијата претежно ги погодува жените во образовниот сектор, за време на миграција или во конфликт и во хуманитарни ситуации.

Потребна е подлабинска студија за да се обезбеди понијансирана слика за врските меѓу родот и корупцијата, а овој труд треба да се смета за почетна точка за интерни дискусии за антикорупциски мерки кои реагираат според родовите. Исто така, во трудот се дадени и примери за практики со ветувачки потенцијал да ја вклучат родовата перспектива во анти-корупциската работа. Заклучокот содржи неколку препораки за ОБСЕ, како да го вклучи родот како редовна појава во антикорупциските програми, проекти и активности. За крај, вклучувањето на перспективите на жените во антикорупциските напори ќе придонесе за поинформирано одлучување и програмирање.

# ЗАДНИНА

ОБСЕ и неговите држави-членки препознаа дека „корупцијата претставува една од најголемите пречки за просперитетот и одржливиот развој на државите-членки и дека ја поткопува нивната стабилност и безбедност и претставува закана по заедничките вредности на ОБСЕ“.[1] Токму поради тоа, Организацијата усвои повеќе мерки за справување со овој проблем.

Најскорешната заложба на ОБСЕ за спречување и борба против корупцијата преку дигитализација и зголемена транспарентност вели дека „корупцијата диспропорционално повеќе ги погодува жените и ранливите лица.“[2] Со Одлуката на Советот на министри со бр. 6/20 се повикуваат државите, inter alia да го унапредат **„целосното, еднаквото и значајното учество на жените во развојот и имплементацијата на релевантните антикорупциски активности во насока на постигнување родова рамноправност...“[3]**

Ова не е прв пат ОБСЕ да го подвлече значењето на целосно и рамноправно учество на жените и мажите во борбата против корупцијата; тоа е забележано и во Министерската Декларација бр. 2/12.[4] Но, начелно гледано, заложбите на ОБСЕ поврзани со антикорупцијата немале родова димензија - ниту пак биле споменати различните влијанија коишто корупцијата ги има врз мажите и жените, ниту како родовата перспектива може да се вгради во антикорупциските заложби на државите-членки. Во продолжение се наведени други заложби во антикорупцијата:

- **Одлука на Совет на министри бр.5/14 за спречување корупција;**
- **Одлука на Совет на министри бр. 4/16 за јакнење на доброто владеење и унапредување на конективноста; и**
- **Одлука на Советот на министри бр. 5/18 за развојот на човечкиот капитал во дигиталното доба.**

Програмата за родови прашања на Секретаријатот на ОБСЕ го нарача овој преглед на академските истражувања од областа на родовите и корупцијата, којшто треба да служи како основа за интерна дискусија за родово-реактивни антикорупциски мерки.

Овој преглед никако не треба да се смета за исцрпен преглед, туку како појдовна точка од која ќе се создава дополнително знаење и препораки за активности на ОБСЕ. Програмата за родови прашања на ОБСЕ / Канцеларијата на Генералниот Секретар би сакала да изрази благодарност до членовите на интерната работна група за родови прашања и антикорупција во ОБСЕ за нивниот клучен фидбек и придонес при составувањето на препораките во овој труд.

[1] МС Одлука бр.. 11/04 за борба против корупцијата, 7 декември 2004 г.
[2] МС Одлука бр.. 6/20 за спречување и борба против корупцијата преку дигитализација и зголемена транспарентност, 4 декември 2020.MC.DEC 06/2020
[3] ibid
[4] Министерска Декларација бр.: 2/12 опза јакнете на доброто владеење и борбата против корупцијата, перењето пари и финансирањето тероризам, 7 декември 2012, MC.DOC/2/12.

# ВОВЕД

Земајќи го предвид откривањето на корупциски скандали во минатото, како протокот во јавноста на документите што подоцна станаа познати како „Панамски Документи“ (Panama Papers), изненадувачки е фактот што во меѓународниот печат многу малку внимание се посветува на следново: родовата нерамномерност кај оние коишто профитираат од корупција и избегнување даноци на високо ниво.[5] Најголемиот дел од оние кои беа наведени во Панамските Документи дека избегнале да платат данок беа богати, моќни мажи, а само малку жени беа споменати.[6] Случајот со Панамските Документи е јасен приказ како товарите и поволностите на корупцијата се нерамномерно распределени, не само меѓу богатите и сиромашните, туку и меѓу жените и мажите. Во овој труд, ќе се истражи како корупциската и родовата (не) рамноправност се заемно поврзани и зошто е клучно антикорупциските напори да се гледаат низ родова призма.

Дискусијата за родовиот аспект во корупцијата не е нешто ново. Во изминативе децении беше документирано јасно совпаѓање меѓу држави каде има високо ниво на корупција и нисно ниво на родова нееднаквост, особено при учеството во политиката и обратно.[7] Ова набљудување поттикна расправи за важноста да се вклучи родовата перспектива во антикорупциските политики и истражувања. Како што и овој труд ќе покаже, точните врски меѓу родот и корупцијата сè уште се предмет на дебати. Но, сè поголемата академска работа помогна да се разврзе овој однос[8] и да укаже дека полето на антикорупцијата не е родово-неутрално како што долго беше претпоставувано.

Академскиот интерес за тоа како родот се преплетува со корупцијата започна посериозно да се појавува во 2001 година, кога два многу влијателни труда, едниот од авторите Dollar, Fisman и Gatti (2001), а другиот од Swamy, Knack и Lee (2001) ги анализираа поврзаностите меѓу поголемото учеството на жени во политиката и помалку корупција. Додека голем дел од академската литература сè уште се фокусира на политичкиот ангажман на жените како фокална точка, што ги поврзува корупцијата и родот, сè повеќе внимание добиваат и други важни прашања, како на пример различното влијание, што корупцијата го има врз мажите и врз жените, а од неодамна и различните форми на корупција, со кои мажите и жените се соочуваат.

Овој труд дава преглед на врвните актуелни истражувања на тема корупција и род, почнувајќи од темата за учеството на жените во политиката. Исто така, ќе се даде и осврт на важното прашање за тоа, како корупцијата има различно влијание врз мажите и врз жените, а фокусот ќе биде на области кои се од значење за ОБСЕ. Дискусијата го подвлекува и прашањето за „секзнудување (англ: sextortion)“[9] што претставува форма на корупција која диспропорционално влијае врз жените, а особено врз жени во неповолни позиции поради сиромаштија, статус на мигрант, попреченост или поради припадност на малцинство, на пример. Во заклучокот на овој труд се потенцираат избрани практики со потенцијал и се предлагаат неколку пристапи како родот да се вметне како редовен мејнстрим аспект во антикорупциската работа на ОБСЕ.

---

[5] Новински агенции кои ги анализирале документите, го дискутираа овој факт (на пр. Capraro & Rhodes, 2016), но сè уште не постои академска литература на оваа тема.
[6] Повеќе информации за моќните играчи во Панамските Документите има на ICIJ (нема датум).
[7] Alexander & Bågenholm (2018, p. Овој труд не се фокусира на истражување на линковите меѓу учеството на жените во политиката и корупцијата, туку бидејќи академскиот интерест во ова поле потекнува од устражувањето на овој однос, ќе биде дадено кратко резиме на оваа дебата.
[8] (на пр.. Bjarnegård, 2013; Dollar et al., 2001; Goetz, 2007; Rothstein, 2017; Stensöta & Wängnerud, 2018; Sundström & Wängnerud, 2016; Sung, 2003; Swamy et al., 2001)
[9] Секзнудувањето (изнуда на секс) се дефинира како „злоупотреба на моќ за добивање сексуална услуга.“ (IAWJ, 2012, p. 9)

# КОНЦЕПТИ

Корупцијата претставува комплексен феномен на повеќе нивоа. Во овој труд, корупцијата е дефинирана како „злоупотреба на доделена моќ за приватна полза“.[10] Важно е да се напомене дека постојат повеќе различни дефиниции на корупцијата. Конвенцијата против Корупција на Обединетите Нации (UNCAC) не ја дефинира директно корупцијата, туку дефинира серија на прекршоци кои треба да се покриени во секоја јуриздикција и да бидат третирани како кривични дела: „поткуп на државни или странски јавни службеници и во приватниот сектор, измама на работодавач, перење пари, прикривање и попречување на правда“.[11] Корупцијата е поширок феномен од само подмитување, таа вклучува и непотизам, патронажа, официјална кражба, измама и конфликт на интереси.[12]

За целосно да се истражи родовата димензија на корупцијата, потребно е да се даде поширока дефиниција која ќе ги вклучува и традиционалните концепти, како непотизам и подмитување, но и неодамнешните феномени како секзнудување (заб.прев: изнудување секс). Во овој контекст, важно е да сфатиме дека „приватната полза“ не мора нужно да биде парична[13] туку може да вклучува полза за политички партии или за членови на одредена група, но и сексуален чин.

[10] Transparency International, (без датум)
[11] Hechler et al. (2019, para. 4)
[12] Johnston (2005)
[13] Bayley (1966)

# ПРЕГЛЕД НА РАЗЛИЧНИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА

Корупцијата може да се класификува како голема (политичка) корупција, која ги вклучува одлучувачите во највисокото ниво на политика, и бирократска корупција, која се случува на ниво на имплементација.[14] За да настане коруптивен чин, обично се потребни две страни, кои може да имаат различен степен на волја за вклученост. Коруптивниот чин може да биде доброволна соработка меѓу плаќачот и примачот на митото, може да биде присилна изнуда на мито, или плаќачот на мито да очекува идни поволности.[15]

**Следнава табела дава преглед на вообичаените типови на корупција.[16]**

| Тип на корупција | Дефиниција | Вообичаено користени поими |
|---|---|---|
| МИТО | плаќање (парично или во натура) кое се дава или зема во корумпиран однос. | провизии, бакшиши, честење, „комерцијални аранжмани“, засладувања, исплати, подмачкувања |
| ИЗМАМА НА РАБОТОДАВАЧ | кражба на ресурс/и од лица кои се на позиција за менаџирање на тие ресурсиа | јавен службеник седи на две столици од кои едната е од приватен сектор (straddling), официјална кражба |
| ИЗМАМА | економски криминал што вклучува некој вид на прелажување, залажување и измама | вклученост во мрежи на нелегална трговија, фалсификување, рекетирање, шверц |
| ИЗНУДА | пари или други ресурси кои се извлечени под присила, насилство или закана за употреба на сила | уцена, заштита или пари за безбедност, неформално оданочување, секснудување (изнуда на секс). |
| ЉУБИМЦИ (ПРЕТПОЧИТАЊЕ НА НЕКОГО ИЛИ НЕШТО) | механизам за злоупотреба на моќ кај „приватизацијата“ и многу субјективна распределба на државни ресурси | вработување пријатели, непотизам, клиентелизам, субјективност, патронажа |

Концептот на род како опис на разлики во можностите, врските и моќта и влијанието што им се дава на мажите и жените е особено релевантно во овој контекст, бидејќи утврдува како корупцијата влијае врз мажите и жените (повеќе во дел 5), а воедно ги утврдува и различните форми на корупција со кои тие се соочуваат (повеќе во дел 6).

Родовата нерамнотежа во моќта игра голема улога во корупцијата. Од една страна, во споредба со мажите, помалку жени имаат средства и ресурси за да бидат инволвирани во коруптивните мрежи. Од друга страна, улогите и задачите што им се припишуваат на жените во општеството кажуваат дека тие се изложени на одредени форми на корупција, директно или индиректно.[17]

[14] Andvig et al. (2000)
[15] Davis (2004)
[16] адаптирана од Andvig et al. (2001, p8)
[17] Goetz (2007)

# ЖЕНИ ВО СОБРАНИЕ - АНТИКОРУПЦИСКА СИЛА ИЛИ МИТ ЗА ЧИСТОТА?

Првичните студии[18] на корупцијата и родот се фокусираа на односот меѓу жените во политиката со нивоата на корупција и открија дека поголемиот број на жени во националните парламенти е поврзан со пониското ниво на корупција во конкретната држава. Овие откритија беа поддржани со последователни студии кои открија дека таа врска е точна и на национално и на регионално[19] ниво[20], а истото важи и за позициите[21] во кабинетите и во локалните совети.[22] Неодамнешната студија[23] која се фокусира на Европа, откри дека зголемената застапеност на локални жени-политичари е поврзана со намалување на ситната и на крупната корупција. Друга студија пак заклучи дека обратното е точно, имено дека високо ниво на корупција и насилство во политиката води до мала застапеност на жени, избрани во парламентот.[24] Овие наоди водат кон прашања за заемниот однос меѓу овие два фактори, што значи, дали учеството на жените во политиката навистина ја намалува корупција (и ако да, на кој начин?) или дали постоењето на корупцијата ги спречува жените да учествуваат во политиката?

Иако сè уште се дебатира каузалноста на овој однос, постојат неколку можни објаснувања за корелацијата меѓу зголемена застапеност на жени во политиката и намалените нивоа на корупција. Теориите го вклучуваат следново: жените се инхерентно поискрени од мажите[25], жените помалку се склони на ризици од мажите; или жените политичари се казнуваат построго од гласачите за корупција, а тоа е ефект што ги спречува.[26] Исто така, можеби жените едноставно се исклучени од позиции кои дозволуваат корупција.[27]

Од друга страна, неколку истражувачи велат дека повисоките нивоа на корупција водат до пониска застапеност на жените бидејќи климата на корупцијата им дава предност на мажите. Коруптивните машки мрежи би исклучиле жени со цел да ги задржат профитите за самите нив[28]. Најскорешното истражување вели дека причинско-последничниот однос може да се одвива во обете насоки, при што ниските нивоа на корупција водат до поголема застапеност на жените и обратно.[29]

Главните дискусии се вртат околу два централни аргументи, а тоа е дали жените и мажите имаат различни ставови во поглед на корупцијата и дали институционалните фактори ги ограничуваат жените да учествуваат во политика, а со тоа им ја кратат можноста да се впуштат во корупција.

[18] Dollar et al. (2001) и Swamy et al. (2001)
[19] под-регионално ниво (белешка на уредникот)
[20] н пр.. Bjarnegård (2013), Grimes & Wängnerud,( 2010, 2012), Jha & Sarangi (2018), Stockemer (2011), Wängnerud, (2015), како исклучок Vijayalakshmi (2008)
[21] (Stockemer & Sundström, 2019)
[22] (Sundström & Wängnerud, 2016)
[23] Bauhr, Charron & Wängnerud (2018)
[24] Norris (2019)
[25] (на пр. Dollar et al., 2001)
[26] (на пр. Alatas, Cameron, Chaudhuri, Erkal, & Gangadharan, 2009; Esarey & Chirillo, 2013)
[27] (Branisa & Ziegler, 2011; Goetz, 2007; Schwindt-Bayer, 2010; Tripp, 2001)
[28] (Bjarnegård, 2013; Stockemer, 2011; Sundström & Wängnerud, 2016)
[29] Esarey и Schwindt-Bayer (2019)

Некои велат дека поневеројатно е жените да ги жртвуваат личните добивки за општото добро, па затоа тие се помалку склони да се впуштат во коруптивно однесување.[30] Исто така, предложено е дека жените имаат повисоки нивоа на самоконтрола[31] или дека повеќе избегнуваат ризици[32], па поради тоа се помалку волни да се впуштат во интеракција со криминални или коруптивни службеници.[33] Дополнително, можеби жените чувствуваат поголем притисок да ги исполнат социјалните норми за корупција бидејќи поголема е веројатноста да бидат казнети за нивното коруптивно однесување.[34] Но, аргументот што излезе од овие наоди, имено дека жените се „понежниот пол“ или „нова антикорупциска сила за чистење“[35], беше силно критикуван бидејќи ги зајакнува родовите стереотипи.[36]

Институционалните фактори играат значајна улога во објаснувањето на односот меѓу корупцијата и учеството на жените во политиката. Силни, демократски институции се поврзани со пониски стапки на корупција и поголемо учество на жени.[37]

Други студии пак велат дека, дали одредено лице ќе се впушти во корупција или не е прашање на можност и пристап до мрежи, а не на родови разлики.[38] Вториот аргумент е особено важен, бидејќи честопати жените се исклучени од моќни позиции и мрежи кои дозволуваат коруптивни практики.[39]

**Графикон:** процент на жени во собрание во регионот на ОБСЕ




[30] Dollar et al. (2001)
[31] Swamy et al (2001)
[32] Byrnes, Miller, & Schafer (1999), Eckel & Füllbrunn (2015), Harris, Jenkins, & Glaser (2006)
[33] Frank, Lambsdorff, & Boehm (2011)
[34] Esarey & Chirillo (2013)
[35] Goetz (2007)
[36] UNDP (2012), Goetz (2007), Hazarika (2016)
[37] Sung (2003), Esarey and Chirillo (2013), Wängnerud (2014)
[38] Alolo (2007), Alatas et al (2009)
[39] на пр. Alhassan-Alolo (2007), Bjarnegård (2013), Goetz (2007), Grimes & Wängnerud (2012), Stockemer (2011), Barnes (2016), Heath, Schwindt- Bayer, & Taylor-Robinson (2005), Schwindt-Bayer (2010), Arriola & Johnson (2014), Beck (2003) Bjarnegård (2013)

**Табела 1:** процент на жени на позиција министер во регионот на ОБСЕ.




**Извор**: Родови индикатори на Светска Банка www.worldbank.org/en/data/datatopics/gender Retrieved September 2022

Должно внимание се дава и на прашањето дали и како корупцијата ги спречува жените да учествуваат во политика. Истражувањата покажуваат дека корупцијата може да биде дополнителна пречка за жените да водат кампањи, да се кандидираат за јавни функции и да бидат избрани, ако на пример, за време на изборите се користат незаконски парични средства.[40] Корупцијата, особено во мрежи доминирани од мажи и во партиите, може да биде пречка жените потенцијално да бидат избрани како кандидати.[41]

[40] Norris (2019)
[41] на пр. Bjarnegård (2013), Franceschet & Piscopo (2014), Norris & Lovenduski (1995), Stockemer & Sundström (2019), Alhassan-Alolo, (2007), Goetz (2007), Stockemer, (2011), Sundström & Wängnerud (2016), Grimes and Wängnerud (2012), Bjarnegård and Kenny (2016)

# КОЈА УЛОГА МОЖЕ ДА ЈА ИГРААТ ЖЕНИТЕ ВО АНТИКОРУПЦИЈАТА?

Жените и мажите носат со себе различни прашања во политиката, а таквиот диверзитет е предуслов за холистички пристап во анти-корупцијата. Од практиката се гледа дека жените политичари и активистките имаат тенденција да покреваат прашања поврзани со правата на жените[42], заштита на децата[43] и добросостојбата на маргинализираните групи. Оваа тенденција е особено важна во развојот на антикорупциски иницијативи, особени на такви што се фокусираат на честопати маргинализираното население, што ретко се зема предвид. Поголемо внимание и прегледност води до подобрување во давањето на услугите и до пониски нивоа на корупција кај јавните услуги.[44] Родовиот паритет во политиката не само што го става фокусот на различни области во политиката, туку присуството на повеќе жени може да има влијание врз или дури и да ги разбие коруптивните мрежи каде доминираат мажите, а со тоа и да се бори против крупната корупција.[45]

Но, самото присуство на жените не го има секогаш тој посакуван ефект. Ако на жените не им се даде овластување да носат одлуки или ако и тие самите се дел од коруптивните мрежи, тогаш тоа може да претставува камуфлажа на корупцијата во државата.[46]

Па така, институционалниот и политичкиот контекст играат улога во утврдувањето дали жените може да бидат антикорупциска сила. Поверојатно е жените да се спротивстават на корупција во демократки околности наместо во авторитарни околности, што оди во полза на аргументот дека демократијата претставува медијациски фактор во односот меѓу учеството на жените во политиката и корупцијата.[47]

Важно е дека истражувањата исто така покажаа дека жените имаат тенденција да се фокусираат на „недостаток на заштита, страв од освета и степен на доверливост" кога одлучуваат дали да пријават корупција. [48] Ова беше потврдено и во Албанија, каде еден од главните наоди од работилницата за корупција и жени беше потребата од создавање на безбедни, родово-инклузивни механизми за пријавување.[49]

[42] на пр. Iyer, Mani, Mishra, & Topalova (2012), Rehavi (2007)
[43] на пр. Bhalotra & Clots-Figueras (2014), Brollo & Troiano (2016)
[44] Alexander & Bågenholm (2018, p. 173), Jha & Sarangi (2018)
[45] Bauhr et al (2018)
[46] Nistotskaya & Stensöta (2018)
[47] Esarey & Chirillo (2013)
[48] UNODC (2021, p.82)
[49] ibid

# КАКВИ СЕ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИТЕ ЕФЕКТИ НА КОРУПЦИЈАТА ВРЗ МАЖИТЕ И ВРЗ ЖЕНИТЕ?

Предуслов за примена на родовата перспектива во антикорупцијата е да се земат предвид различните ефекти кои корупцијата, директно или индиректно ги има врз мажите и врз жените. Нерамномерните односи на моќ меѓу жените и мажите и родовите улоги може да доведат до различни нивоа на изложеност на корупција. Во една неодамнешна студија за дискриминација и корупција се дискутираше следново:

> **Систематската дискриминација на жените произведува општествена динамика која генерира нерамнотежа на моќта и олеснува појава на корупција, вклучувајќи ги и родовите форми на корупција, додека во исто време им отежнува на жените-жртви на корупција да најдат правда за корумпираната злоупотреба на моќ.[50]**

На пример, во бизнис секторот, најголемиот дел на сопственици на претпријатија се мажи и мажите се позастапени во поголемите бизниси од жените (кои поверојатно е да управуваат со микро и мали претпријатија) што значи дека во апсолутни бројки, поверојатно е мажите да се соочат со корупција во овој сектор. Но, жените сè уште може да бидат „пропорционално поранливи“ на корупција во овој сектор.[51]

Корупцијата има негативно влијание врз економскиот раст, ја зголемува нерамномерноста во приходите, и ги пренасочува средствата од клучна инфраструктура и услуги кои се полза на сиромашните. Кога средствата што се наменети за јавни услуги се пренасочат во програми и проекти кои обезбедуваат поголеми можности за да се скрие или да се наплати митото, клучните услуги и системите за социјална заштита не добиваат доволно средства, а нив најмногу ги користат жените.

За целосно да се разбере родовата природа на корупцијата, мора да се земат предвид и директните и индиректни ефекти, што таа ги има. Коруптивниот чин не влијае само врз директно инволвираните страни, туку и врз „трети страни, вклучувајќи го општото население, даночните обврзници, специфичните професии или заедниците“.[52]

[50] Transparency International and Equal Rights Trust (2021,p.22)
[51] Boehm & Sierra (2015, p. 2)
[52] Boehm & Sierra (2015, p. 2)

# ВРСКИТЕ МЕЃУ СИРОМАШТИЈАТА И КОРУПЦИЈАТА

Добро е познато дека корупцијата несразмерно повеќе ги погодува сиромашните, бидејќи им зема поголем дел од нивниот приход.[53] Иако и мажи и жени се изложени на сиромаштија, истражувањата покажуваат дека самохраните мајки и постарите жени кои живеат сами се соочуваат со повисок ризик од сиромаштија од мажи во слични домаќинства.[54] Постои родова димензија на сиромаштијата. Глобално, „"[п]омал е делот на жените за разлика од мажите кои имаат сопствени парични примања од труд, а тоа е резултат на нерамномерната распределба на платена и неплатена работа", а жените, особено ако имаат деца зависни од нив и се без партнер, е поверојатно да бидат посиромашни од мажите.[55] Корупцијата ги намалува државните приходи и следствено го намалува износот на пари, којшто би бил достапен за јавни услуги, и ја намалува ефикасноста на давањето услуги, а се смета дека во просек ова ги погодува жените повеќе од мажите. Дури и ако жените и мажите имаат ист пристап до услугите, почесто се очекува жените да бидат ранливи од корупција бидејќи имаат послаба перцепција за сопствената моќ и владение и права што им следуваат отколку мажите.[56]

Иако корупцијата е особено неповолна за жени кои и без тоа веќе се изложени на повисок ризик на сиромаштија, корупцијата во давањето услуги може да резултира и во тоа што на жените ќе им биде негиран пристапот до услугите. На пример, примателот на мито претпоставува дека жените немаат доволно ресурси да платат за мито, па оттаму нема ни да побара мито од нив, што за возврат би резултирало во потешкотии за жените да пристапат до услугите. [57]

Важно е да се забележи дека ова е директно поврзано со жените и дека игра важна улога во антикорупциските напори. Истражувањата покажале многукратно дека жените со политичка функција имаат тенденција да се фокусираат на политики со кои се подобруваат животните услови на жените и девојките, дека го подобруваат мониторингот и давањето на јавните услуги, што пак ја намалува корупцијата во тие сектори.[58] Студијата којашто ја разгледуваше состојбата во Европа на ниво на локални совети откри на пример, дека зголеменета родова рамнотежа кај локалните совети е поврзана со пониско ниво на корупција во јавните набавки.[59]

Програмите за социјална сигурност чија цел е намалување на сиромаштијата може да бидат цел на корупцијата. Социјалната сигурност во форма на редистрибуција на ресурси „кај сите возрасти, класи, занимања и родови" се прави во голем дел преку социјални програми, вклучувајќи и поволности при невработеност и пензии, кои најчесто имаат висока парична вредност. Па оттаму, таквите програми се „интересен таргет" на корупцијата, со што оние најранливите остануваат без заштита.

[53] Hunt & Laszlo (2012), Justesen & Bjørnskov (2014)
[54] UNSD (2015)
[55] United Nations (2015, p. xiv)
[56] UNODC (2020.p. 43)
[57] Chêne et al. (2010)
[58] Alexander and Bagenholm (2018)
[59] Bauhr et al. (2019)

## • ПРИСТАП ДО УСЛУГИ

Поголем е уделот на мажи кои се вработени надвор од домаќинството додека жените сè презастепени кај оние кои не се дел од работната сила, бидејќи ја преземаат примарната одговорност за неплатено водење на домаќинство и грижа за лица. Оваа одговорност за грижа и нега значи дека поверојатно е жените да имаат интеракција со одредени даватели на услуги (на пример здравство, образование и социјални услуги), па оттаму тие се поизложени на корупција во овие сектори.[60] Состојбата е очигледна во фактот дека жените се соочуваат со родово специфични предизвици при пристапот на услуги за нега на репродуктивното здравје. На пример, студија на случај од Украина откри широко распространета корупција, кога околу 50 проценти од пациентите во болниците пријавија дека неформално платиле за здравствени услуги поврзани со бременост и пороѓај.[61] Иако тенденцијата е дека жените се поизложени на корупција во овие сектори, може да претпоставиме дека плаќањето мито што било направено тука, има влијание врз финансиската состојба на целото домаќинство, особено ако жените не работат платено.

Пандемијата Ковид-19 ги погоди жените на неколку начини. Не само што мнозинството од здравствени работници се жени, туку најголемиот дел од клучните работници со ниски квалификации кои сè уште работат за време на оваа криза се жени.[62] За време на Ковид-19 пандемијата, жените преземаа диспропорционално повеќе одговорности за грижа и нега на лица, што може уште повеќе да им ја зголеми ранливоста од корупција во овие сектори.

Претходни истражувања покажаа дека за време на хуманитарни кризи, жените се соочуваат со зголемен ризик на сексуална експлоатација, што може да вклучува и зголемен ризик од соочување секзнудување.[63] Дополнително, поверојатно е жените да изгубат работа поради постоечките родови нерамноправности.64 Жените имаат тенденција да се презастапени во оние сектори, кои беа најмногу погодени од пандемијата, како угостителството и подготовка на храна, малопродажба и други услуги. [64]

Полициската корупција[65] исто така има родова димензија. Во некои инстанци, мажите може почесто да се соочуваат со таквата корупција, бидејќи поминуваат повеќе време надвор од домот и потенцијално имаат повеќе контакт со полицијата (на пример, мито и неформални плаќања поврзани со сообраќајни проверки). Од друга страна, корупцијата во полицијата и судскиот систем може да има длабок ефект врз жените кои се жртви на родово базирано насилство. Помалку веројатно е дека жените ќе побараат помош од полицијата или судовите ако немаат доволно финансиски ресурси и/или ако се плашат од корупција. Жените и девојките се честопати повеќе изложени на ризикот да се соочат со корупција за време на пристапот до секторот за правда, иако технички ги имаат истите права како и мажите, често може да не добијат пристап на истиот начин.[66] Ова е особено случај кога се пријавува корупција. Како што дискутиравме претходно, од многу причини, како што се родовите норми, на жените им се достапни помалку ресурси отколку на мажите. Во еден корумпиран судски систем, ова би значело дека страната со повеќе ресурси може да притисне да добие подобар резултат и со тоа да ја спречи жената да бара правда. Жените исто така може да се подложни на специфичен тип на корупцијата како што е секзнудување од страна на полициски службеници (за детално разгледување на оваа форма на корупцијата, погледнете го делот 6).

Потребно е подлабоко да се истражи поврзаноста на корупцијата со полицијата и судскиот систем во контекст на родово базирано насилство.

---

[60] За примери од Украина, консултирајте го Gerasymenko, G. (2018)
[61] Stepurko et al. (2015)
[62] Transparency International (2020)
[63] Gichohi and Kirya (2021)
[64] Madgavkar, 2020

[65] Полициската корупција е дефинирана како кога „службеник којшто има знаење направил нешто или не направил ништо што е против неговата должност за некаква форма на финансиска или материјална добивка или ветување за таква добивка" (Punch, 2009, p. 18).
[66] Transparency International (2019)

## • ОБРАЗОВАНИЕ

Корупцијата во образовниот сектор не е редок феномен, а се појавува во различни фази на образовниот процес, како на пример за време на приемните испити и запишувањето, потоа кога се заклучуваат оценките, кога се доделуваат стипендии и кога се подготвува (фалсификувано) истражување.[67] Корупцијата исто така го намалува владиното трошење во образовниот сектор.[68] Жените и девојките, особено сиромашните меѓу нив, користат повеќе јавно образование, па оттаму ваквата корупција има особено негативно влијание врз нив. Да го земеме случајот на Уганда[69], каде студијата покажа дека со имплементирање на мерки за транспарентност, се намали износот на средства кои се пренасочуваа во приватни џебови, а се зголеми стапката на запишани ученици во Уганда. Корупцијата во образовниот сектор го спречува образовниот успех на одредени индивидуалци, особено кога корупцијата го намалува квалитет на јавното образование, сиромашните и маргинализирани жени не можат да си дозволат приватни училишта или услуги на тутори или потенцијално да ги насочат своите пари во други области на животот како здравствена нега или плаќање закуп на живеалиште.[70]

Исто така се намалува квалитетот на целокупното образование, кое пак го намалува економскиот раст и ја намалува економската стапка на поврат на инвестицијата во високото образование.[71] Корупцијата во образовниот сектор е особено проблематична како „[с]истемска образовна корупција (...) која вклучува малолетни или млади лица, и ѝ наштетува на моќта на образование да служи како јавно добро, што е особено видливо кај изборот на идни лидери врз фер и објективни основи [...]".[72]

Секзнудувањето или барањето сексуални услуги е особено проблематична форма на корупција која постои во образовниот систем. Самото секзнудување претставува родова форма на корупција која има особено негативно влијание врз посетеноста на училиште и академскиот успех на девојките и жените.[73] Во дел 6 од овој труд се дискутира на темата секзнудување.

## • ВРАБОТУВАЊЕ

Корупцијата кај вработувањето е блиску поврзана со работа во неформалниот сектор. Неформалната работа се однесува на активности на работници и економски единици кои - законски или практично- не се покриени или се недоволно покриени со формални аранжмани.[74] Неформалниот сектор нуди мешани поволности за работниците. Додека едни можеби гледаат подобри шанси отколку кај формалниот сектор, за другите тоа е последна шанса пред да останат невработени. Неформалните работници се соочуваат со исклучително несигурни работни услови со „различни ризици - здравје, безбедност на работа, загуба на заработка - без соодветна заштита"[75] (како што е пристап до здравствено осигурување, социјална заштита и пензии).

Додека во многу држави жените се презастапени во неформалниот сектор[76], онаму каде има достапни податоци за специфичните под-региони на ОБСЕ, мажите се најголемиот дел од неформалните работници. Но, мажите и жените даваат исклучително различни типови на неформална работа (на пример градежни работи за мажите и помош во домаќинството за жените), што ги прави ранливи за специфични форми на корупција. Дополнително, во оние држави каде жените немаат ист пристап до образование и стручна обука, поверојатно е жените да станат дел од неформалниот[77] сектор. Генерално гледано, неформалните работници се поранливи на корупција и често се сметаат за совршена мета од која извршните органи и ситната улична бирократија може да бара мито.[78]

[67] За детален преглед на типови и сторители на образовна корупција, види Heyneman (2011) и Heyneman et al. (2008).
[68] Mauro (1995)
[69] Reinikka and Svensson (2005)
[70] Bullock и Jenkins (2021, p.9)
[71] Heyneman (2011, p. 19)
[72] Heyneman (2011, p.13)
[73] Leach et al. (2014)
[74] Меѓународната организација на трудот (ILO) дава широк концепт за неформална економија велејќи дека таа ги обединува „сите економски активности од работниците и економските единици кои законски или во практиката не се покриени или се недоволно покриени со формални аранжмани." (OECD/ILO, 2019,p. 16)
[75] Jütting & de Laiglesia (2009, p. 18)
[76] Chen (2001)
[77] Otobe (2017)
[78] Bullock and Jenkins (2020)

Иако и мажите и жените во неформалниот сектор се ранливи на корупција, треба дополнително да се истражи како оваа ранливост е родова. Но честопати, жените имаат помалку средства да се спротивстават на корупција од службени лица79 и поверојатно е да се соочат со секзнудување како форма на корупцијата. Постојат две причини за второто. Како прво, добро е познато дека самиот факт да се биде жена е доволно некоја жена да стане мета на сексуална злоупотреба, а дополнително во неформалниот сектор, жените ја немаат истата контрола врз финансиските средства како мажите.[80]

Корупцијата може да предизвика раст на неформалниот сектор бидејќи ќе пораснат трошоците и времето што се потребни за да се основа бизнис во формалниот сектор поради подмитувања на бирократите и регулаторите. Корупцијата може да има и негативен ефект врз шансите за вработување во формалниот сектор. Непотизмот и патронажните мрежи може да ги исфрлат квалификуваните кадри од вработување и во јавниот и во приватниот сектор.

Непотизмот во приватниот сектор не е предмет на фокус во академската дебата, но анекдотни докази укажуваат дека „непотизмост е многу добро вграден во бизнис културата".[81] Потребно е наменско истражување на врските помеѓу корупцијата и информалното како и нестабилното вработување општо земено. А најважно е да се интегрира и родовата перспектива.

## • КОНФЛИКТ И КРИЗИ

Корупцијата е поврзана со држави каде има конфликт, фрагилни држави и пост-конфликтни општества. Веројатноста да дојде до насилен конфликт се зголемува кога корупцијата зема сè поголем замав, а правните системи не функционираат соодветно. Корупцијата има негативен ефект врз легитимитетот на државата.[82] Ова може да ги охрабри граѓаните да се кренат на бунт[83], што брзо може да прерасне во насилен конфликт. Во исто време, корупцијата ја намалува социјалната кохезија[84] и ја зголемува нестабилноста. Добро е документирано дека ефектите од конфликтот имаат силна родова природа. Додека мажите се во поголем ризик од смртност поради борба и повреди, жените и децата се во повисок ризик да бидат раселени.[85] Конфликтот исто така носи со себе и промени во родовите улоги во општеството и во домаќинството. Од жените се бара да учествуваат поактивно на пазарот на труд. Но, за време на конфликтот, тие може да имаат само пристап до работни места кои се зависни и нестабилни, за кои се потребни малку вештини и се малку платени.[86]

Кризите исто така значително го зголемуваат волуменот и обемот на грижата што жените ја работат.[87] Важно е да се напомене дека жените се соочуваат со зголемен ризик[88] од родово-засновано насилство за време и по конфликтот, особено сексуално насилство, што со себе носи значајни физички и ментални последици.[89]

Корупцијата во хуманитарниот сектор има различен ефект врз мажите отколку врз жените. Итноста на хуманитарната помош и големата ранливост на примателите на помош ја олеснува корупцијата. Во контекст на криза, жените може да бидат особено ранливи поради однапред постоечката нерамноправност, а особено и поради зголемените обврвски за нега и грижа.[90] Жените исто така имаат поголема потреба од здравствени услуги за време на конфликт и хуманитарни кризи „поради социјалните и биолошките ранливости".[91] Жените мигранти и бегалци исто така се соочуваат со зголемен ризик да бидат изложени на корупцијата, што ќе биде предмет на дискусија во следниот дел.

---

[79] Boehm, F. and Sierra, E. (2015)
[80] Transparency International и Equal Rights Trust (2021)
[81] Mulgan (2000)
[82] Rose-Ackerman (1996)
[83] Clausen, Kraay, & Nyiri (2011)
[84] Пример за негативниот ефект на корупцијата врз градењето социјална кохезија е галопирачката корупција во образовниот сектор. Види ја следнава студија за Грузија, Казахстан и Киргистан: Heyneman (2007).
[85] Buvinic et al. (2013)
[86] Justino et al. (2012)
[87] Забелешка на уредникот:
[88] Мажите и момчињата можат исто така да бидат жртви на родово-засновано насилство, особено за време на конфликти; најчесто овој вид на насилство не се пријавува доволно.
Но, постоечките податоци укажуваат дека жените и девојките се соочуваат со поголем ризик на родово-засновано насилство за време на конфликт и други кризи, отколку во мирно доба.
[89] Sivakumaran (2010)
[90] Забелешка на уредникот:
[91] Chene (2009, p.2)

## • МИГРАЦИЈА

Корупцијата може да игра улога во миграцијата. И мажите и жените кои се впуштени во нередовна миграција може да искусат корупција за време на нивното патување. Но, начинот на којшто се искусува корупцијата е фундаментално различен за секој род, и тоа не само формата на корупцијата, туку и реперкусиите за неплаќање мито.

За време на процесот на нередовна миграција, жените кои се соочуваат со корупција честопати „плаќаат" мито со сексуални чинови, додека мажите плаќаат со пари и стоки.[92] Жените мигранти во прифатните или транзитните центри се соочуваат со конкретни ризици од секснудување.

Слична состојба е забележена и кај жените бегалци.[93] Во тие инстанции, и мигрантките и бегалките се многу подложни на експлоатација, каде се принудуваат на сексуални услуги за да си задоволат најосновни потреби.[94] До денешен ден, не постои студија за специфичните ризици од корупцијата врз непридружуваните малолетни лица, но врз основа на она што е познато за (сексуално и родово базирано) насилството и експлоатацијата на оваа група за време на миграција, мора да претпоставиме дека тие се особено ранливи на нетрадиционалните форми на корупција како секснудување.[95] Имајте предвид дека специфичната форма на корупција, секснудување е разработена подетално во дел 6 на овој труд.

## • МАЛЦИНСКИ ГРУПИ

Корупцијата може да доведе до маргинализација на националните, етнички, религиозни и други малцинства во економската и политичката сфера на живеење, бидејќи корупцијата дополнително ќе ги пренасочи ресурсите од овие заедници, ќе ги потенцира нееднаквостите и дополнително ќе го потпока економскиот развој.[96] Само од неодамна се направија истражувања за тоа како се поврзнаи дискриминацијата и корупцијата. Важно е да се спомене дека честопати луѓето се соочуваат со повеќекратна дискриминација (Ruwanpura, 2008), на пример жена припадничка на етничка заедница веројатно ќе се соочи со дискриминација и поради нејзиниот род и поради етничката припадност.

Неодамнешна студија направена од Транспаренси Интернешнл истражува подлабоко како се заемно поврзани корупцијата и дискриминацијата:

> **Природата на ширење на дискриминацијата значи дека корупцијата ги казнува маргинализираните групи два пати. Не само што припадниците на овие заедници се борат со форми на корупција кои се резултат од специфчната алокација на ресурси, туку дискриминацијата на овие групи може да креира дополнителни можности тие да бидат експлоатирани од корумпирани службени лица. (Bullock и Jenkins, 2020,p.4)**

Ова исто така е тесно поврзано и со недостаток на претставници во политиката. Она што детално беше дискутирано за жените (види го горниот дел), важи и за маргинализираните заедници како автохтоното население, етничките малцинства или лицата со попречености: ако немаат свои претставници во политиката и ако не се економски и социјално видливи, овие групи се дури и поранливи на корупција.

Етничките малцинства се особено погодени од корупцијата, при што „фактот дека многу етнички диференцирани општества имаат исто така и етнички слоеви (некои етнички групи имаат повисок економски и политички статус од други) е уште една динамика која е поврзана со плодот на корупцијата."[97] Дури и во системите каде доминира етнички заснованото претпочитување на некого или клиентелизмот, малцинствата ќе бидат исклучени, што не само што ќе им ја ограничи нивната општествена и економска добросостојба, туку ќе ја наруши и довербата во владата.[98]

---

[92] Merkle et al. (2017)
[93] Agencija Ujedinjenih nacija za izbeglice (UNHCR), Fond Ujedinjenih nacija za stanovništvo (UNFPA) & Ženska komisija za izbeglice (Women's Refugee Commission) (2016)
[94] Zimmermann, MCAlpine, & Kiss (2016)
[95] Freccero et al. (2017)
[96] Bullock & Jenkins, 2020, str. 3
[97] Edwards (2021, str. 2)
[98] Bullock & Jenckins (2021)

Студија извршена на Западен Балкан покажа дека во областите каде етничките малцинства се занемарени од владата, тие поверојатно ќе употребат неформални практики за да пристапат до основни услуги.[99] Користејќи голем примерок на држави, друга студија покажа дека големата етничка нееднаквост е позитивно поврзана со повисоко ниво на корупција.[100]

Како што можеше да се види во Соединетите Американски Држави „улогата на полицијата и извршните органи во репродукцијата на формите на дискриминација во тесна поврзаност со корупцијата" беше извадена на виделина со неодамнешните настани како протестите дека „Црните Животи Се Важни" (заб.прев.: Black Lives Matter).[101] Ова е отсликано во начинот на кој различните делови на населението ги перцепираат извршните органи и полицијата. Во 2017 година, анкета направена во Соединентите Американски Држава покажа дека еден од тројца Афроамериканци смета дека полицијата е многу корумпирана, додека само петтина од целокупното население беше на овој став.[102] Етничките малцинства се попогодени од корупцијата во системот на кривично гонење, што е потврдено и во студијата на Западен Балкан[103] во која се покажува дека поверојатно е државен службеник да побара мито од припадник на етничките малцинства. Слично, студијата во САД[104] утврди дека „Афроамериканските политичари биле диспропорционално повеќе мета на извршните органи за обвиненија за лошо поведение и корупција".[105]

Еден пример на етничко малцинство се Ромите и Синтите. Историја на дискриминација и прогон ги има избуткано Ромите и Синстите на маргините на општеството, што ги направило едно од најранливите и најнеповластените малцинства во Европа.[106]

Ромите и Синтите се соочуваат со пречки при пристапот до здравствена нега и образовние, а услугите коишто ги добиваат се честопати со понизок квалитет, а навигирањето низ постапките за регистрација може да биде предизвик. Секој од овие проблеми е уште посилно изразен ако има и корупција. Како што покажа една студија[107], Ромите се особено ранливи на изнуда ако сакаат да пристапат до владини услуги. Во конкретни околности, како на пример конфликтот во Украина, цели заедници на Роми може да бидат раселени, што ги прави уште поранливи на дискриминација и изнуда, па оттаму и несигурноста на заедницата на високо ниво.

Неодамнешната студија исто така потенцираше и колку тесно се поврзани религиозната дискриминација и корупцијата. Иако е потребно да се направат уште истражувања, авторите сметаат дека во владите кои „редовно се мешаат во практиките на религиозните и верските заедници, желбата за контрола кај државата води до наметнување на ограничувачки политики и практики кои им дозволуваат значителна дискреција на челниците, што пак за возраст дава плодна почва за корупција".[108]

## • ЗЕМЈИШТЕ И ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

Земјиштето претставува критичен продуктивен ресурс и е клучен фактор за економски раст, рурален развој и безбедност со храна. Како што потенцирше Организацијата за Храна и Земјоделство (FAO), „животот на особено руралните сиромашни, вклучувајќи ги и жените тука, се заснова на безбеден и правичен пристап до и контрола врз земјиштето и другите природни ресурси." [109]

Глобално гледано, жените се сопственици на помалку земјиште и имаат помалку сигурни права врз земјата од мажите. Во просек, од сите земјопоседници во светот, уделот на жените е 20 проценти, но нивниот удел во земјоделската работна сила се проценува на 43 проценти.[110]

[99] Skendaj (2016)
[100] Alesina et al. (2016)
[101] Bullock and Jenckins (2021, p.5)
[102] Transparency International (2017)
[103] Skendaj (2016)
[104] Musgrobe (2012)
[105] Bullock и Jenkins (2021, p.8)

[106] Забелешка на уредникот: https://www.osce.org/roma-and-sinti
[107] Merkle, Reinold и Siegel (2017b)
[108] Transparency International и Equal Rights Trust (2021, p.52).
[109] FAO, Why Gender Equality Matters when dealing with governance of land, http://www.fao.org/3/a-ax507e.pdf
[110] Забелешка на уредникот: UN Women, Facts & Figures, .цифри

**Табелата 2 подолу ја покажува дистрибуцијата на земјопоседништвото меѓу мажите и жените во регионот на ОБСЕ.**

**Табела 2:** Дистрибуција на земјопоседници по пол (женски) во регионот на ОБСЕ[111]

| Држава | Година | Вкупно | % женски | Држава | Година | Вкупно | % женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ерменија | 2007 | НЕМА | **29.70%** | Летонија | 2010 | 83,390 | **46.80%** |
| Австрија | 2010 | 150,170 | **34.50%** | Литванија | 2010 | 199,910 | **47.70%** |
| Белгија | 2010 | 42,850 | **15.10%** | Луксембург | 2010 | 2,200 | **15.90%** |
| Бугарија | 2010 | 370,490 | **22.80%** | Малта | 2010 | 12,530 | **11.10%** |
| Канада | 2011 | 293,925 | **27.40%** | Црна Гора | 2010 | 48,870 | **12.90%** |
| Хрватска | 2010 | 233,280 | **22.00%** | Холандија | 2010 | 72,320 | **6.10%** |
| Кипар | 2010 | 38,860 | **20.60%** | Норвешка | 2010 | 46,620 | **14.10%** |
| Чешка | 2010 | 22,860 | **15.10%** | Полска | 2010 | 1,506,620 | **29.70%** |
| Данска | 2010 | 42,100 | **9.00%** | Португалија | 2010 | 305,270 | **29.30%** |
| Естонија | 2010 | 19,610 | **35.80%** | Република Молдавија | 2011 | 902,214 | **36.30%** |
| Финска | 2010 | 63,870 | **11.10%** | Романија | 2010 | 3,859,040 | **32.40%** |
| Франција | 2010 | 516,100 | **22.70%** | Србија | 2002 | 778,891 | **18.10%** |
| Грузија | 2004 | 728,950 | **29.10%** | Словачка | 2010 | 24,460 | **17.00%** |
| Германија | 2010 | 299,130 | **8.40%** | Словенија | 2010 | 74,650 | **27.20%** |
| Грција | 2010 | 723,060 | **27.70%** | Шпанија | 2010 | 989,800 | **21.70%** |
| Унгарија | 2010 | 576,810 | **26.30%** | Шведска | 2010 | 71,090 | **15.40%** |
| Исланд | 2010 | 2,590 | **15.40%** | Швајцарија | 2010 | 59,070 | **6.50%** |
| Ирска | 2010 | 139,890 | **11.50%** | Обединето Кралство | 2010 | 186,800 | **13.10%** |
| Италија | 2010 | 1,620,880 | **30.70%** | Соединети Американски Држави | 2012 | 2,109,303 | **13.70%** |

**Извор: FAO (2021)** База на податоци за род и права врз земјиште - статистика за род и земјиште
www.fao.org/gender-landrights-database/data-map/statistics/en/?sta_id=982
Во оваа база на податоци не се покриени сите членки на ОБСЕ.

Како што е случајот со другите сектори, корупцијата може негативно да влијае врз признавањето на правата врз земјиштето. Поради митото, трансферот на земјиште е многу скапа постапка, која ги спречува можностите за заштита на земјиштето.[112] Корупцијата може да биде поврзана и со регистрацијата на земјиштето, решавање на спорови, менаџирање на ресурси и инвестиции.[113] Корупцијата може да ги зголеми веќе постоечките родови нерамноправности при пристапот до земјиштето, а тоа е уште поголема закана за економската и социјална благосостојба на жените, а конечно тоа има влијание и врз добробитот во нивните домаќинства. Голем дел од несигурноста околу сопственоста на земјиштето за жените е поврзана директно со родовите улоги и со пристапот на жената до шанси за носење одлуки.[114]

[111] „Земјоделскиот сопственик претставува физичко или правно лице кое ги носи најголемиот дел од одлуките поврзани со употребата на ресурсите и има менаџерска контрола врз земјоделскиот посед. Земјоделскиот сопственик има техничка и економска одговорност за поседот."(FAO, 2021)

[112] Transparency International, 2011.

[113] Amanda Richardson, Stephanie Debere, Annette Jaitner and Rukshana Nanayakkara: Gendered Land Corruption and the Sustainable Development Goals (Transparency International 2018)

[114] Transparency Intenrational (2018)

# DA LI ŽENE I MUŠKARCI DOŽIVLJAVAJU RAZLIČITE OBLIKE KORUPCIJE?

## УЛОГАТА НА СЕКЗНУДУВАЊЕ

Нашиот типичен концепт на „корупција" опфаќа размена на пари, стоки или моќ. Сепак, истражувањата укажаа и на друг вид на „валута" на корупцијата, имено сексуалните услуги. Поимот што се користи за да се опише овој специфичен тип на корупција - секзнудување[115] (сексуално изнудување, англ: sexual extortion) беше измислен од Меѓународната Асоцијација на Жени Судии (IAWJ). Секзнудувањето се дефинира како „злоупотреба на моќ за добивање сексуална услуга."[116] Оваа форма на корупција е широко распространета, и иако диспропорционално повеќе ги погодува жените, сепак и мажите и момчињата може да бидат подложни на секзнудување.[117]

**За одредено дело да се смета за секзнудување, мора да постојат два елементи: корупција и сексуална компонента.**

Како прво, „сторителот мора да е на позиција на авторитет и мора да го злоупотреби тоа овластување со цел да побара или со прифаќање на сексуална услуга во замена за извршување на овластувањето коешто му е доделено" [коппонента на корупција].[118] Како второ, чинот „мора да вклучува барање - или изречно или имплицитно - за вклучување во сексуална активност" [сексуалната компонента][119] За да се разликува секзнудувањето од другите форми на сексуална злоупотреба, мора да се присутни следниве три компоненти при инцидентот на секзнудување:

**a) мора да има злоупотреба на овластување/моќ;**
**b) б) мора да вклучува размена quid pro quo; и**
**c) в) секзнудувањето повеќе употребува психичка принуда отколку физичка сила.**[120]

Секзнудуваењто се случува на работното место, но не е ограничено на овој сектор. Може да се случи в во правосудниот сектор, во образовниот, или во прифатните центри за мигранти или бегалските кампови.

Има малку истражувања специфично на овој вид на коруптивна размена,[121] сепак постоечките студии велат дека проблемот е широко распространет и дека одредени фактори прават одредени лица да бидат особено ранливи на секзнудување. Дополнително на родот, овие фактори вклучуваат возраст, попреченост, недокументиран статус и други социјални норми.[122] Сепак, сè уште е потребна подетално нијансирана дискусија за тоа како ранливите и маргинализираните групи се погодени од секзнудувањето. Воедно и квалитативно и квантитативно истражување би помогнало да се разјасни постоењето на долгорочни последици од овој вид на корупција кај оние кои се погодени од неа.

Бидејќи секзнудувањето не е општо познато и препознаено од законот или во други околности, бројот на податоци за овој вид на корупција е ограничен, а таквите корумпирани чинови ретко се пријавуваат како такви, ако воопшто и се пријавуваат. До неодамна, не само што коруптивната размена која вклучува сексуалнен чин беше општо игнорирана како форма на корумпирано плаќање, таа ретко и беше разбрана како корупција, па оттаму функционерите ретко и беа обвинувани за тоа.[123] Ваквата состојба креира неказнивост и им ја негира правдата на жртвите.

---

[115] Широка палета на поими се користат во различните култури и правни системи за да се опише овој феномен во моментов, како „сексуални услуги", „сексуално вознемирување", „квид про кво вознемирување" или „трансакциски секс". Проблемот со употребата на оваа терминологија лежи во тоа што честопати така се негира аспектот на изнуда и механизмите на моќ кои се одвиваат во заднина. Дополнително, со овие поими аспектот на корупцијата не е доволно јасен. (Merkle, 2018)

[116] IAWJ (2012, p. 9)
[117] Feigenblatt (2020)
[118] IAWJ (2012, p. 9)
[119] IAWJ (2012, p. 9)
[120] IAWJ (2012)
[121] (2015), Wängnerud (2012).
[122] Merkle et al. (2017 Feigenblatt (2020)
[123] Feigenblatt (2020)

А онаму каде има студии за секзнудување, податоците се фрапантни. Глобалниот Барометар на Корпуција за Блискиот Исток и Северна Африка отрки дека еден од пет лица искусиле корупција или познаваат некого што искусил корупција.[124] Во Латинска Америка и Карибите, еден од пет луѓе искусиле секзнудување или познаваат некого што искусил, а 71 процент од испитаниците сметаат дека секзнудувањето се случува барем повремено.[125] Недостатокот на податоци за родовите и корупцијата во регионот на ОБСЕ укажува на потреба од таргетирани анкети кои би обезбедиле информации за антикорупциските иницијативи и политики. Истражување на секзнудување што се случува на работното место укажува дека тоа прави длабок удар врз психичкото и физичкото здравје.[126]

Секзнудувањето на работното место е поврзано со следниве негативни резултати: намалено задоволство од работата, послаба посветеност кон организацијата, повлекување од работа, лошо физичко и ментално здравје, па дури и симптоми на пост-трауматско стресно растројство.[127]

Дури и со малку достапното академско истражување на секзнудувањето или сексуалната корупција, сепак постои јасна потреба да се прошири стандардното гледиште врз корупцијата од агол на мажот, што се фокусира на размена на пари и стоки, и треба да се вклучат и сексуалните чинови како валута за размена.[128] На ист начин и дискусиите за корупцијата треба да го вклучат изнудувањето секс како „фокусирање на родовата прирора не само кај последиците или причините за корупција туку и кај самиот чин на корупција со што ќе се помогне во дефинирањето и проширувањето на дефиницијата на корупцијата и општо ќе доведе до поинклузивна концептуализација, што ќе помогне да се опишат прилично различните искуства со корупција што ги имаат жените.[129]

[124] Kukutschka & Vrushi, 2019.
[125] Pring & Vrushi, 2019.
[126] Fitzgerald (1993), O'Connell & Korabik (2000), Willness et al. (2007)
[127] Willness et al. (2007)
[128] Merkle et al. (2017)
[129] Merkle (2018, str. 57)

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Академското истражување на корупцијата и родовите даде значаен придонес да го разбереме овој феномен, не само она што се однесува на природата на корупцијата и антикорупциските напори, туку и практичната реалност на мажите и жените погодени од корупција. Но, бидејќи голем дел од истражувањето се фокусира на односот меѓу учеството на жените во политиката и корупцијата, важни прашања остануваат неодговорени во поглед на ефектот што корупцијата го има врз жените и врз мажите во други сектори и околности. И покрај недостатокот на академска студија, во многу сектори се поведени антикорупциски напори. Овие мерки, иако не се нужно развиени со родовата перспектива, сепак ветуваат многу во поглед на тоа што може да се адаптираат на пошироки родово сензитивни антикорупциски иницијативи и политики.

## ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО НАЈАВА

Во овој труд се вклучени и резултатите од прелиминарниот преглед на добрите практики во антикорупцијата кај државите што учествуваа. Примерите кои се обезбедени подолу укажуваат дека со подлабинска студија би можеле да се идентификуваат ефективните пристапи за можна репликација.

### ОБРАЗОВАНИЕ:



Интегритетот на Образовните Системи (INTES) е методологија за проценка на ризик од корупција која е специфично дизајнирана за образовниот сектор и ја користи Фондацијата Отворено Општество во Ерменија и Организацијата за Економска Соработка и Развој (OECD) во Украина. INTES може да се адаптира да ги подвлекува специфичните родови аспекти на корупцијата во образовниот сектор и да креира алатки за справување со неа.

### ЈАВНИ НАБАВКИ:



Околу еден процент од целокупниот светски пазар припаѓа на жените претприемачи, а женските бизниси честопати се соочуваат со пречки за да пристапат до тендерите за јавни набавки и да ги добијат. Ако процесите за јавни набавки се направат поинклузивни за жените, тоа не само што ќе генерира позитивни резултатие за жените претприемачи, туку ќе води и до подобро исполнети договори и поголеми заштеди за владата.[130] Дополнително, родово-паметната набавка може да помогне да се намали корупцијата со тоа што процесот ќе стане по транспарентен, ќе дозволи вклученост и ќе има отчетност. Албанскиот Институт на Науките направи студија за процесите на набавки во таа држава. Анализите на податоците кои тие ги собраа, дадоа можност да се студира ефективноста на политиките кои се насочени кон поддршка на жените-претприемачи во системот на набавки и обезбедија докази за зголемување на поддршката на жените на пазарот на набавките.[131]

[130] Kirya (2019)
[131] medium.com/@opencontracting/using-open-data-to-boost-business-opportunities-for-women-in-albania-473296de4f27

## ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА:



Развојната Програма на Обединетите Нации (UNDP) разви методологија за сопствените канцеларии во државите во Европа и Централна Азија со цел „да се намалат родовите нееднаквости, да се промовира доброто владеење, и да се спречи корупција преку препораки за политиките и техничкна помош.“[132] Работата на UNDP се заснова на анкета направена врз машки и женски државни службеници, која се користеше за да се соберат информации за родовите ефекти на корупцијата. Резултатите од анкетата може потоа да се користат за реформи во јавната админситрација на родово-сензитивен начин и за давање на услуги без корупција.

## КРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА СЕКЗНУДУВАЊЕТО:



Во многу правосудни системи, антикорупциските закони се фокусираат на финансиските поволности добиени преку корупцијата, а ги исклучуваат другите видови на поволности, како сексуалниот чин. Дури и во држави каде се користи посеопфатна терминологија, како „други предности“ (Обединетото Кралство) или „предност од каков било вид“ (Нигерија), што теоретски би вклучувало секзнудување, во практика, судовите ретко упатуваат на оваа форма на корупција во пресудите. Исклучок е Романија, каде законот ја третира злоупотребата на моќ за сексуална добивка изречно како кривично дело.[133] Другите држави треба да го следат овој пример, истовремено осигурувајќи се дека законодавството нема да дозволи можност каде жртвите ќе бидат кривично гонети.

[132] UNDP, n.d.
[133] Закон бр. 286 од 17 јули 2009 од Кривичниот Законик 299

## ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗВРШНИТЕ СТРУКТУРИ НА ОБСЕ[134]

Следниве препораки се засноваат на првичниот преглед на тоа како академската литература ја третира точката на пресек меѓу родот и корупцијата. Препораките се предлог појдовни точки за понатамошни дискусии.

### ДА СЕ ЗАЈАКНЕ РАЗБИРАЊЕТО НА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТАЕ:



Улогата на секзнудувањето, како форма на корупција која диспропорционално ги погодува жените и девојките, сè уште не е добро разбрана и генерално не е адресирана од меѓународните организации. ОБСЕ треба да заземе водечка улога во јакнењето на свеста за негативните влијанија на секзнудувањето, со особен фокус на тоа како изгледа секзнудување во фрагилни држави и држави погодени од конфликт, во безбедноста на границите и поврзано со миграцијата и трговијата со луѓе. На пример, ОБСЕ може да поддржи понатамошни истражувања на секзнудувањето и да се залага да се вклучи овој вид на корупција во програмските активности.

### СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈАТА:



Транспаренси Интернешнл започна да собира податоци за секзнудување во нивниот Глобален Барометар на Корупција. Но, во моментов податоците се достапни само за Латинска Америка и Карибите и Блискиот Исток и Северна Африка. Потребни се редовни и компаративни податоци земени одделно за половите за да се идентификува каде се одвива секзнудувањето (на пример, во кои сектори или институции) и во кои ситуации има најголема веројатност тоа да се случи. Земајќи го предвид регионалниот опсег, ОБСЕ е добро позициониран да помогне го собирањето податоци, како и собирањето на длабински квалитативни информации за тоа каде и како се одвива секзнудувањето и кој е најпогоден од тоа во државите членки, особено во (пост) конфликти околини.

### КРЕИРАЊЕ НА РОДОВО ЧУВСТВИТЕЛНИ АНТИКОРУПЦИСКИ ПРОГРАМИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:



Глобално, најголемиот дел од антикорупциските програми не земаат предвид дека мажите и жените се погодени на различен начин од корупцијата. Па затоа, постои ризикот дека жените и мажите немаат еднакво поволности од антикорупциските интервенции или таквите програми може да имаат (ненамерно) негативни последици или за мажите или за жените. Родовиот мејнстриминг[135] треба да преставува интегрален дел од антикорупциските програми. ОБСЕ има мандат и капацитет да го направи родот мејнстрим во антикорупциското програмирање и со документирање на овој процес, може да обезбеди важни насоки за тоа како да се примени родовата перспектива во дизајнирањето и имплементацијата на проектите.

[134] Препораките беа срочени благодарение на информациите и фидбекот собрани за време на првиот состанок на интерната работна група на ОБСЕ за род и антикорупција (јуни 2021)

[135] Родов мејнстриминг преставува процес на вклучување на родовата перспектива во сите аспекти на развивањето и имплемнтацијата на програмата.

Дополнително, жените мора да се охрабрат и зајакнат да пријават корупција, а особено секзнудување. За ова, потребни се родово сензитивни механизми за пријавување кои се безбедни и пристапни и кои ги земаат предвид културолошките аспекти (на пример механизмите би требало да им овозможат на жените да пријават корупција на други жени, особени ако пријавуваат случаи на секзнудување). Овие механизми исто така треба да бидат транспарентни, да даваат отчет и да бидат независни. ОБСЕ може да им помогне на државите членки да развијат и да имплементираат родово сензитивни механизми за пријавување.

## ВГРАДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ ВО РАБОТАТА СО ЕТНИЧКИТЕ И РЕЛИГИОЗНИТЕ МАЛЦИНСТВА:

ОБСЕ програмите за унапредување на правата на Ромите и Синтите може да ја зајакнат свесноста за поголемиот ризик за корупција и родовата природа на ризикот кај овие заедници. Прашањето за корупција е особено релевантно за програмите кои работат со внатрешно раселување, образование и домување. Дополнително, програмите за добро владеење може да го зајакнат нивниот фокус на заштита на најмаргинализираните заедници од корупција и да ги адресираат искуствата што жените во овие заедници ги имаат.

## ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ КАКО АНТИКОРУПЦИСКА СИЛА:

Жените иницираат различни теми, не само како политички актери, туку и како активистки и ангажирани граѓани. Ова се покажа дека е точно за оние области на политиките каде жените се премалку застапени и маргинализирани или диспропорционално засегнати. ОБСЕ може да ги поддржи мрежите на жени, коалициите и граѓанските организации и да им помогне да ги зајакнат нивните капацитети за антикорупциска работа.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА:

Во работата на ОБСЕ околку иницијативите за дигитализација како начин за зголемување на транспарентноста, треба да се даде должно внимание на родовиот дигитален јаз кој ги спречува жените да имаат пристап до дигиталните ресурси до ист степен како и мажите. Пристапот до дигитално знаење и алатки мора да биде проширен и да се применат спефицични мерки за премостување на дигиталниот јаз меѓу мажите и жените.

# БИБЛИОГРАФИЈА


ADB. 2018. Нови лекции за жените и претприемништвото во Азија и Пацификот: Студии на случаи од Азиската банка за развој и Фондацијата Азија. (Emerging Lessons on Women and Entrepreneurship in Asia and the Pacific: Case Studies from the Asian Development Banka and The Asia Foundation). Manila

AFDB. (2009). Листа за проверка при мејнстриминг воведување на род во администрацијата (Checklist for Mainstreaming Gender in Governance) www.afdb.org/fileadmin/uploads/afdb/Documents/ Policy-Documents/Checklist%20for%20Gender%20Mainstreaming%20in%20Governance%20Programmes%20EN. pdf

Alatas, V., Cameron, L., Chaudhuri, A., Erkal, N., & Gangadharan, L.Alatas, V., Cameron, L., Chaudhuri, A., Erkal, N., & Gangadharan, L. (2009). Род, култура и корупција: Сознанија добиени од експериментална анализа (Gender, culture, and corruption: Insights from an experimental analysis). Southern Economic Journal, 75(3), 663–80.

Alesina, Alberto, Stelios Michalopoulos, and Elias Papaioannou. 2016. „Етничка нерамноправност" ("Ethnic Inequality.") Journal of Political Economy 124(2): 428–88.

Alexander, A. C., & Bågenholm, A. (2018). Дали родот е важен? Ангажманот на политичарките во борбата против корупцијата? (Does gender matter? Female politicians' engagement in anti-corruption efforts). In H. Stensöta, & L. Wängnerud (eds), Родот и корупцијата – историски корени и нови области за истражување (Gender and Corruption—Historical Roots and New Avenues for Research) (pp. 171–189), Cham, CH: Palgrave Macmillan.

Alhassan-Alolo, N. (2007). Род и корупција: Тестирање на нов консензус. Јавна администрација и развој. (Gender and corruption: Testing the new consensus. Public Administration and Development), 27(3), 227–37.

Andvig, J. C., Fjeldstad, O.-H., Amundsen, I., Sissener, T., & Søreide, T. (2001). Корупција. Преглед на современите истражувања (Извештај CMI 2001:7). (Corruption. A Review of Contemporary Research (CMI Report 2001:7)). Chr. Michelsen Institute (CMI).

Andvig, J. C., Fjeldstad, O., Amundsen, I., Søreide, T., & Sissener. (2000). Истражување на корупцијата. Анкета насочена кон креирањето политики. (Research on Corruption A policy oriented survey). Chr. Michelsen Institute (CMI) & Norwegian Institute of International Affairs (NUPI).

Anzia, S. F., & Berry, C. R. (2011). Ефектот на Џеки (и Џил) Робинзон: Зошто пратеничките имаат подобар учинок од пратениците во конгресот? The Jackie (and Jill) Robinson effect: Why do congresswomen outperform congressmen? American Journal of Political Science, 55(3), 478–93.

Apergis, N., Dincer, O. C., & Payne, J. E. (2009). Односот меѓу корупцијата и нееднаквите примања во државите во С.А.Д. Докази од панел коинтеграција и модел на корекција на грешки. (The relationship between corruption and income inequality in U.S. states: Evidence from a panel cointegration and error correction model). Public Choice, 145(1–2), 125–135.

Arriola, L. R., & Johnson, M. B. (2014). Етничка политика и зајакнување на жените во Африка: назначувања во извршните кабинети на министерствата. (Ethnic politics and women's empowerment in Africa: Ministerial appointments to executive cabinets). American Journal of Political Science, 58(2), 495–510.

Baker, C. N. (1995). Сексуална изнуда: криминализирање на сексуалното вознемирување за квид-про-кво (Sexual Extortion: Criminalizing Quid Pro Quo Sexual Harassment). Law & Inequality: A Journal of Theory and Practice, 13(1), 213–251.

Barnes, T. Г. (2016). Воведување родова перспектива во законодавството: Институциски ограничувања и соработка. (Gendering Legislative Behavior: Institutional Constraints and Collaboration). Cambridge, UK: Cambridge University Press.

Barnes, T. D., & Beaulieu, E. (2014). Родови стереотипи и корупција: Какво влијание имаат кандидатите врз перцепцијата за измама при изборите. (Gender stereotypes and corruption: How candidates affect perceptions of election fraud). Politics & Gender, 10(3), 365–91.

Barnes, T. D., & Beaulieu, E. (2019). Политичарки, институции и перцепција за корупција. (Women politicians, institutions, and perceptions of corruption). Comparative Political Studies, 52(1), 134–167.

Bauhr, M., Charron, N., & Wängnerud, L. (2018). Исклучување или интереси: Зошто жените избрани да бидат на функција ја намалуваат ситната и крупна корупција? (Exclusion or interests? Why females in elected office reduce petty and grand corruption). European Journal of Political Research. doi:10.1111/1475-6765.12300

Bayley, D. H. (1966). Ефектите на корупцијата во земја во развој. (The Effects of Corruption in a Developing Nation). The Western Political Quarterly, 19(4), 719–732.

Beck, L. J. (2003). Демократизација и скриената јавност: Влијанието на мрежи на повластени врски врз жените во Сенегал. (Democratization and the hidden public: The impact of patronage networks on Senegalese women). Comparative Politics, 35(2), 147–69.

Benstead, L. J., & Lust, E. (2018). Зошто некои гласачи преферираат жени кандидати? Улогата на перцепцијата за некорумпираност кај арапските избори. (Why do some voters prefer female candidates? The role of perceived incorruptibility in Arab elections). In H. Stensöta, & L. Wängnerud (eds), Род и корупција: историски корени и нови области за истражување.(Gender and Corruption: Historical Roots and New Avenues for Research) (pp. 83–104), Cham, CH: Palgrave Macmillan.

Bhalotra, S., & Clots-Figueras, I. (2014). Здравството и политичко делување на жените (Health and the political agency of women). American Economic Journal: Economic Policy, 6(2), 164–97.

Bjarnegård, E. (2013). Род, неформални структури и политичко регрутирање: образложение на машката доминација меѓу пратениците во парламентот. (Gender, Informal Institutions and Political Recruitment: Explaining Male Dominance in Parliamentary Representation). London: Palgrave Macmillan.

Bjarnegård, E. (2018). Фокусирање на маскулинитет и мрежи доминирани од мажи во корупцијата. (Focusing on masculinity and male-dominated networks in corruption). In H. Stensöta, & L. Wängnerud (eds), Род и корупција – историски корени и нови области за истражување (Gender and Corruption—Historical Roots and New Avenues for Research) (pp. 257–273), Cham, CH: Palgrave Macmillan.

Bjarnegård, E., & Kenny, M. (2016). Споредба на изборот на кандидати: феминистички, институционален пристап.(Comparing candidate selection: A feminist institutionalist approach). Government and Opposition, 51(3), 370–92.

Blackden, C. M., & Wodon, Q. (2006). Род, употреба на времето и сиромаштијата во Потсахарска Африка (Gender, Time Use, and Poverty in Sub-Saharan Africa). World Bank Publications.

Boehm, F., & Sierra, E. (2015). Влијанието на корупцијата според родовите: Кој пати повеќе, мажите или жените? (The gendered impact of corruption: Who suffers more—Men or women?) (U4 Brief 2015 No 9). Retrieved from the Chr. Michelsen Institute website: www.u4.no/publications/the-gendered-impact-of- corruption-who-suffers-more-men-or-women/downloadasset/3882

Branisa, B., & Ziegler, M. (2011). Одново разгледување на поврзаноста меѓу родовите и корупцијата: улогата на социјалните институции. (Reexamining the link between gender and corruption: The role of social institutions). Retrieved from the EconStor website: www.econstor.eu/handle/10419/48324

Brollo, F., & Troiano, U. (2016). Што се случува кога жена ќе победи на избори? Докази од тесна трка во Бразил. (What happens when a woman wins an election? Evidence from close races in Brazil). Journal of Development Economics, 122, 28–45.

Bruni, V., & Merkle, O. (2018). Родовите ефекти на корупцијата врз Централната медитеранска рута. (Gendered Effects of Corruption on the Central Mediterranean Route). ECDPM Great Insights, 7(1 (Winter 2018)). ecdpm.org/great-insights/migration-moving-backward-moving-forward/gendered- corruption-central-mediterranean/

Bullock, J & Jenkins, M. (2020). Корупцијата и маргинализацијата (одговори на бирото за помош при антикоурпција на Транспаренси Интернешнл. (Corruption and Marginalization (Transparency International Anti-Corruption Helpdesk Answer)). Retrieved from the Transpaerncy Knowledgehub Website: knowledgehub.transparency.org/helpdesk/ corruption-and-marginalisation

Buvinic, M., Das Gupta, M., Casabonne, U., & Verwimp, P. (2013). Насилен конфликт и родова нерамноправност: Преглед (Работен документ за истражување политики 6371). (Violent conflict and gender inequality: An overview (Policy research working paper 6371)). Washington, DC: World Bank.

Byrnes, J. P., Miller, D. C., & Schafer, W. Г. (1999). Родови разлики при преземањето ризици: Мета-анализа (Gender differences in risk taking: A meta-analysis). Psychological Bulletin, 125(3), 367–83.

Campos, N. F., Dimova, R., & Saleh, A. (2016). Корупција и економски раст: економетриско истражување на докази. (Corruption and Economic Growth: An Econometric Survey of the Evidence). Journal of Institutional and Theoretical Economics JITE, 172(3), 521–543

Capraro, C., & Rhodes, F. (2016, April 7). Зошто Панама Документите се феминистичко прашање. (Why the Panama Papers are a feminist issue). Земено на 23 јуни 2018, од Open Democracy website: www.opendemocracy.net/5050/chiara-capraro-francesca-rhodes/why-panama-papers- are-feminist-issue

Charron, N., Dijkstra, L. and Lapuente, V. (2014). Мапирање на регионалната поделба во Европа: мерка за проценка на квалитетот на владеење во 206 европски региони. (Mapping the Regional Divide in Europe: A Measure for Assessing Quality of Government in 206 European Regions). Social Indicators Research, 122(2), pp. 315–346.

Chaudhuri, A. (2012). Поглавје 2 Род и Корупција: Истражување на експерименталните докази (Chapter 2 Gender and Corruption: A Survey of the Experimental Evidence). Во D. Serra, & L. Wantchekon (eds), Истражување во експериментална економија: нов напредок во експерименталното истражување на корупцијата. (Research in Experimental Economics: New Advances in Experimental Research on Corruption) (Vol. 15, pp. 13–49), Bingley: Emerald Group.

Chen, M. A. (2001). Жените и неформалноста: глобална слика, глобално движење.  (Women and Informality: A Global Picture, the Global Movement). SAIS Review, 21(1), 71–82.

Chêne, M. (2009). Родовите и корупцијата во хуманитарната помош. (У4 експерските одговор 223).(Gender and Corruption in humanitarian assistance. (U4 Expert Answer 223)) Retrieved from the Chr. Michelsen Institute website: www.u4.no/publications/gender-and-corruption-in-humanitarian-assistance.pdf

Chêne, M., Clench, B., & Fagan, C. (2010). Корупцијата и родот во давањето услуги: Нееднаков ефект (Работен документ 02/2010). (Corruption and gender in service delivery: The unequal impacts (Working Paper 02/2010)). Berlin: Transparency International.

d'Agostino, G., Dunne, J. P., & Pieroni, L. (2016). Трошење на владите, корупција и економски раст. (Government Spending, Corruption and Economic Growth). World Development, 84, 190–205.

Davis, J. (2004). Корупцијата во давањето на јавни услуги: искуства од секторот за водоснабдување и канализација во Јужна Азија (Corruption in Public Service Delivery: Experience from South Asia's Water and Sanitation Sector). World Development, 32(1), 53–71.

Debski, J., Jetter, M., Mösle, S., & Stadelmann, D. (2018). Род и корупција: запоставената улога на културата. (Gender and corruption: The neglected role of culture). European Journal of Political Economy, 55, 526–37.

Dickinson, L. T. (1995). Сексуално вознемирување квид про кво: нова стандардна белешка. (Quid Pro Quo Sexual Harassment: A New Standard Note). William & Mary Journal of Women and the Law, 2, 107–124.

Dollar, D., Fisman, R., & Gatti, R. (2001). Дали жените навистина се „понежниот" пол? Корупцијата и жените во владата. (Are women really the 'fairer' sex? Corruption and women in government.) Journal of Economic Behavior & Organization, 46(4), 423–29.

Dutta, N., Kar, S., & Roy, S. (2011). Неформалниот сектор и корупцијата: емпириско истражување за Индија (ИЗА Документ за дискусија бр. 5579). (Informal sector and Corruption: An Empirical Investigation for India (IZA Discussion Paper No. 5579)). Institute for the Study of Labor (IZA).

Eckel, C. C., & Füllbrunn, S. B. (2015). Еве ЈА доаѓа? Род, конкуренција и меури во експериметалните финансиски пазари. (Thar SHE blows? Gender, competition, and bubbles in experimental asset markets). American Economic Review, 105(2), 906–20.

Edwards, D. 2021. Справување со крупната корупција во етнички плурални општества. (Curbing Grand Corruption in Ethnically Plural Societies). U4 Brief, Available at: www. u4.no/ publications/curbing-grand-corruption-in-ethnically-plural-societies.pdf

Eggers, A. C., Vivyan, N., & Wagner, M. (2017). Корупција, отчетност и род: дали политичарките се соочуваат со повисоки стандарди во јавниот живот? (Corruption, accountability, and gender: Do female politicians face higher standards in public life?) The Journal of Politics, 80(1), 321–26.

Ellis, A., Manuel, C., & Blackden, M. B. (2006). Родот и економскиот раст во Уганда: ослободување на моќта на жените (Насоки во развојот). (Gender and Economic Growth in Uganda: Unleashing the Power of Women [Directions in Development]). Washington, DC: The World Bank.

Esarey, J., & Chirillo, G. (2013). „Понежниот пол" или мит за чистина. Корупција, род и институционален контекст. ('Fairer Sex' or purity myth? Corruption, gender, and institutional context). Politics & Gender, 9(04), 361–89.

Esarey, J., & Schwindt-Bayer, L. (2014). Род, корупција и отчетност: зошто жените (некогаш) се поотпорни на корупција. (Gender, corruption, and accountability: Why women are (sometimes) more resistant to corruption (Working Paper)). Houston: Rice University.

Esarey, J., & Schwindt-Bayer, L. (2019). Проценка на неформалните врски меѓу застапеноста на жените во владата и корупцијата. (Estimating causal relationships between women's representation in government and corruption. Unpublished manuscript). Земено од www.justinesarey.com/gender-corruption-and-causality.pdf

Esarey, J., & Schwindt-Bayer, L. A. (2018). Застапеност на жените, отчетност и корупција во демократски општества. (Women's representation, accountability and corruption in democracies). British Journal of Political Science, 48(3), 659–90.

Feigenblatt, H. (2020). Прекинување на молкот во врска со секзнудувањето: врските меѓу моќта, сексот и корупцијата. (Breaking the Silence Around Sextortion: The Links Between Power, Sex and Corruption). Transparency International. www.transparency.org/en/publications/breaking-the-silence-around-sextortion

Ferrant, G., Pesando, L. M., & Nowacka, K. (2014). Неплатена грижа: врската што недостасува во анализата на родовиот јаз во ефективните плати. (Unpaid Care Work: The missing link in the analysis of gender gaps in labour outcomes [Issues Paper]). Paris: OECD Development Centre.

Fitzgerald, L. Ѓ. (1993). Сексуално вознемирување: насилство врз жените на работното место. (Sexual harassment: Violence against women in the workplace). American Psychologist, 48(10), 1070.

Foellmi, R., & Oechslin, M. (2007). Кој добива од не-договорена корупција? (Who gains from non-collusive corruption?) Journal of Development Economics, 82(1).

